**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 25-11-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5984 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор:** Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 21 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик** („При распределба на дополнителното време за рекламирање во еден реален час емитувана програма за платено политичко рекламирање, а кога постои интерес за спојување на блоковите на една политичка партија во два последователни реални часа, медиумот е должен да обезбеди гаранција дека спојувањето на блокови во два последователни часа два пати по ред нема биде од иста политичка партија и ќе обезбеди гаранција за наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција“)

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 21 ноември 2016 година, на државно ниво, е констатирано дека, спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик, во неколку последователни реални часа по ред, се емитувани споени блокови платено политичко рекламирање за ист учесник во изборна кампања.

Спојувањето на блоковите за ист учесник во изборна кампања е направено во последователните реални часови од 17:00 до 18:00, од 18:00 до 19:00, од 19:00 до 20:00, од 20:00 до 21:00, од 21:00 до 22:00, и од 22:00 до 23:00 часот.

**21.11.2016**

| | Период на емитување на рекламирањето | Нарачател |
|---|---|---|
| Платено политичко рекламирање | 17:56:15 – 18:04:06<br>18:56:11 – 19:04:07 | Коалиција СДСМ и др. |

| | | |
|---|---|---|
| | 19:56:10 – 20:04:01<br><br>20:56:20 – 21:04:10<br><br>21:56:16 – 22:04:12<br><br>22:56:10 – 23:04:01 | |

***Сектор за програмски работи***